Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик за учениците од другите заедници*** за **IV (четврта) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

*модуларно дизајнирана*

**за IV година**

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 3 (три) ЕЦВЕТ[1] кредити |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br>**IV (четврто) ниво** |
| **Година на изучување** | IV (четврта) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/66 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи знаењата за македонскиот стандарден јазик како средство за комуникација;<br>- да се оспособи за самостојно усно и писмено изразување;<br>- да се оспособи да чита куси искази на позната и помалку позната тематика од соодветната струка; |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| | - да се оспособи за разбирање, доживување и толкување на литературни и на други текстови од македонската литература;<br>- да ги развие индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературен текст;<br>- да стекне медиумски компетенции за анализа на медиумските пораки. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | 1. ЈАЗИК<br>2. МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА<br>3. КОМУНИКАЦИЈА |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица 1: ЈАЗИК (28) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување[*]**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
| 1 | ПРАВОПИС<br>- ги применува правописните правила. | Слеано и разделено пишување на зборовите<br><br>Делење на зборот од крајот на редот<br><br>Употреба на голема буква<br><br>Интерпункција (точка(.), запирка(,), точка и запирка(;), прашалник(?), извичник(!), две точки(:), наводници(„“) и правописни знаци (точка, црта, заграда, апостроф) | Вежби за препознавање на правилата за слеано и разделено пишување на зборовите.<br><br>Вежби за препознавање на правилата за делење на зборот од крајот на редот.<br><br>Вежби за препознавање на правилата за употреба на голема буква.<br><br>Вежби за препознавање на правилата за интерпункција и правописни знаци. | 1. – ги усвојува правилата за слеано и разделено пишување на зборовите, делење на зборот од крајот на редот употреба на голема буква, интерпункција и правописни знаци;<br><br>2. – ги препознава правилата за слеано и разделено пишување на зборовите, делење на зборот од крајот на редот употреба на голема буква, интерпункција и правописни знаци;<br><br>3. – ги применува правилата за слеано и разделено пишување на зборовите, делење на зборот од крајот на редот употреба на голема буква, интерпункција и правописни знаци. |

[*] Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Вежби преку кои ќе ги разликува правилата за слеано и разделено пишување на зборовите.<br><br>Вежби преку кои ќе ги разликува правилата за делење на зборот од крајот на редот.<br><br>Вежби преку кои ќе ги разликува правилата за употреба на голема буква.<br><br>Вежби преку кои ќе ги разликува правилата за интерпункција и правописни знаци.<br><br>Вежби со повеќечлен избор.<br><br>Точни/неточни искази. | |
| 2 | **ЛЕКСИКОЛОГИЈА**<br>-ја дефинира лексикологијата како наука . | Лексикологија. Поим за зборот<br><br>Основни типови лексичко значење на зборовите | Вежби за откривање на преносното значење на зборовите. | 1. – креира сопствени примери со основно и преносно значење на зборовите; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -го идентификува основно и преносно значење на зборовите.<br><br>-прави разлика на зборовите според потеклото.<br><br>-истакнува соодветна лексика според сферата на употреба.<br><br>**ФРАЗЕОЛОГИЈА**<br>-препознава и толкува значење на фразеолошки изрази.<br><br>**ЛЕКСИКОГРАФИЈА**<br>-ја дефинира лексикографијата како посебен дел од лексикологијата. | Лексиката според процесот на обновување<br><br>Лексиката според потеклото на зборовите<br><br>Лексиката според формата и според сферата на употреба<br><br>Фразеологија<br><br>Поим и предмет на лексикографијата<br><br>Основни типови речници | Вежби за градење на синоними, хомоними, антоними и пароними.<br>Вежби за препознавање на архаизми и неологизми.<br>Вежби за поделба на зборовите според потеклото (преку шема или табела).<br>Вежби преку истражување на текст и поделба според сферата формата на употреба на зборовите.<br><br>Вежби за толкување на фразеологизмите.<br>Споредба помеѓу фрезеологизмите во македонскиот јазик и мајчиниот јазик на ученикот.<br><br>Вежби за разликување на основни типови речници. | 2. – го објаснува директното од индиректното значење на зборот;<br><br>3. – ги разликува старите зборови од новите зборови;<br><br>4. – разлика на зборовите според потеклото.<br><br>5. – прави разлика според формата наспрема сферата на употреба.<br><br>1. – ја дефинира фразеологијата како дел од науката за јазикот;<br><br>2. – го објаснува значењето на фразеологизмите.<br><br>1. – пронаоѓа и презентира толкување на зборови од речници; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -користи различни видови на речници | | | 2. – споредува различни критериуми според кои се изготвени речниците. |
| | | | | |
| 4 | **СИНТАКСА**<br>- разликува сложена реченица;<br>- ги препознава зависносложените реченици. | Зависносложени реченици | Вежби за откривање и градење на сложени реченици.<br>Вежби за препознавање на зависносложени реченици | 1. – ја дефинира поделбата на сложената реченица;<br>2. – ја идентификува зависносложената реченица. |
| | - разликува зависносложени реченици (временски, условни, последични, целни и односни);<br>- разликува директен од индиректен говор: | Временски зависносложени реченици<br><br>Условни зависносложени реченици | Вежби за препознавање на зависносложени реченици (временски, условни, последични, целни и односни);<br><br>Вежби за составување на зависносложени реченици (временски, условни, последични, целни и односни); | 1. – ги препознава зависносложените реченици (временски, условни, последични, целни и односни);<br><br>2. – конструира зависносложени реченици (временски, условни, последични, целни и односни); |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Последични зависносложени реченици<br><br>Целни зависносложени реченици<br><br>Односни зависносложени реченици<br><br>Директен и индиректен говор | Вежби за составување реченици со директен и индиректен говор;<br><br>Вежби за разликување на реченици со директен и индиректен говор;<br><br>Вежби со повеќечлен избор;<br><br>Дополнување на реченици со соодветни сврзници за зависносложени реченици, директен и индирактен говор;<br><br>Точни/неточни искази | 3. – употребува зависносложени реченици (временски, условни, последични, целни и односни);<br><br>4. – ги согледува разликите помеѓу директен и индиректен говор. |
| | | Две писмени работи<br>(6 часа) | | |

| | Модуларна единица 2: МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА (23) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење<br>Ученикот ќе биде способен да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*<br>Ученикот може да:** |
| 1 | МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА<br>- ги наведува карактеристики на македонската литература за деца | Македонска литература за деца<br><br>Основоположници на литературата за деца (Ванчо Николески – извадок од „Волшебното самарче“ и песната „Моето село“, Славко Јаневски -расказ „Волшебната виолина“ и песната „Бунтот на чадорите“ и Васил Куноски – песните „Писмо“ и „Мали амбасадори“) | Самостојно читање на извадоци од делата на В.Николески, С.Јаневски и В.Куноски.<br><br>Раскажување на прочитаните извадоци од делата.<br><br>Споредба помеѓу детските текстови и литературата за возрасните. | 1. – ја споредува литературата за деца со литературата за возрасни;<br><br>2.– ги наведува био – библиографските податоци за: В.Николески, С.Јаневски и В.Куноски;<br><br>3. – анализира и толкува содржини на текстовите; |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА ЛИТЕРАТУРА<br>- наведува карактеристики на македонската современа литература. | Појава, особености и главни претставници (1 час) | Вежби за откривање на карактеристиките и претставниците. | 1. – ги набројува карактеристиките на македонската современа литература;<br>2. – ги наведува претставниците на македонската современа литература. |
| | -ги анализира тематско-идејните одлики на текстовите;<br>-користи поголем фонд на зборови. | Петре М.Андреевски „Пиреј“<br>Ташко Георгиевски „Црно семе“<br>Димитар Солев – раскази „Зима на слободата“<br>Томе Арсовски „Парадоксот на Диоген“<br>Драги Михајловски – раскази „Скок со стап“ | Самостојно читање на извадоци од делата на П.М.Андреевски, Т.Георгиевски, Д.Солев, Т.Арсовски и Д.Михајловски.<br>Раскажување на прочитаните извадоци од делата.<br>Прераскажување на прочитаните извадоци од делата со парот или во група.<br>Одговарање напрашања преку пребарување на одговорот во текстовите.<br>Играње улоги | 1. - ги наведува био – библиографските податоци за: П.М.Андреевски, Т.Георгиевски, Д.Солев, Т.Арсовски и Д.Михајловски;<br>2.– ги открива мотивот и идејата во делата од овој период;<br>3. – анализира и толкува содржини на текстовите;<br>4. – дава преглед на авторите и делата од периодот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Лектири:<br>Две дела од македонски автори ( Горан Стефановски „Диво месо“;<br>Гане Тодоровски „Нерези“ и „Седум навраќања кон мотивот трепетлика“)<br>(2 часа) | | 1.– ги открива мотивот и идејата во делата;<br>2. – анализира и толкува содржини на делата. |

| | Модуларна единица 3: КОМУНИКАЦИЈА (15) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење<br>Ученикот ќе биде способен: | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување*<br>Ученикот може да: |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | - да разликува текстови за известување од книжевни текстови;<br><br>- да препознава клучни податоци во вестите;<br><br>- да воочува влијание на објавени содржини во различни медиуми;<br><br>- да комбинира различни извори за иста вест. | Масовни медиуми – весник, радио, телевизија, интернет (барање конкурси, понуди, тендери и сл.текстови со практична намена)<br><br>Медиумско насилство (лажни вести)<br><br>Популарни медиумски содржини | Откривање на добри и лоши страни на медиумите.<br><br>Следење на вести од ист период во различни медиуми и споредба на изнесеното.<br><br>Пребарување на конкурси, понуди и слични текстови низ медиумите.<br><br>Толкување на иста вест преку различни медиуми. ( точна и лажна вест)<br><br>Истражување/ анкетирање за популарноста на одреден медиум.<br><br>Посета на медиумска куќа. | 1. – наведува карактеристики на медиумите;<br><br>2. – прави разлика помеѓу различни видови печатени и електронски медиуми;<br><br>3. – селектира вести од интернет мрежата;<br><br>4. – го опишува влијанието на масовните медиуми врз градењето на културниот идентитет на поединецот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - да направи реклама на сопствен производ или услуга.<br><br>- да препознае комерцијален текст.<br><br>- да дебатира и да ги почитува учесниците во дебатата.<br><br>- да одговара и аргументира во интервју;<br><br>- да изработи мотивациско писмо и професионална биографија;<br><br>- да говори пред аудиториум. | Реклама и рекламирање<br><br>Дебата<br><br>Интервју<br><br>Интервју за работа<br><br>Мотивациско писмо<br><br>Професонална биографија – CV<br><br>Јавно говорење | Креира реклама.<br><br>Дебата за различни состојби карактеристични за струката или општеството .<br><br>Видео презентации за добри и лоши настапи на интервју за работа.<br><br>Симулација на интервју за работа.<br><br>Натпревар за најдобро претставување пред работодавач. | 1. – составува основни рекламни пораки;<br><br>2. – рекламира сопствен производ или услуга.<br><br>1. – дебатира на дадена тема;<br><br>2. – гради свое мислење при дебатирање.<br><br>1. – пронаоѓа соодветна лексика во интервју;<br><br>2. – подготвува мотивациско писмо;<br><br>3. – подготвува професионална биографија;<br><br>4. – говори пред аудиториум. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Пишување по образец на мотивациско писмо.<br><br>Вежби за јавно говорење. | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик за заедниците оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови и слично.<br>Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.<br>За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.<br>За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.<br>Ученикот се оценува со бројчана оценка. |

| | |
|---|---|
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | Учебна 2022/2023 година |
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието (БРО) |
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13 – 11378/64<br>4.10.2019 година<br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi |
| Датум на ревизија | |